**БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ ЗА СПРОВЕДУВАЧ НА КУРС ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Во рамките на проектот:

„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“

1. **Општи услови**
   1.1 Набавувач Здружение на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје;
   1.2 Предмет на барањето: Прибирање на понуди од правни лица за спроведување на курс за англиски јазик;
   1.3 Ромаверзитас Северна Македонија е партнерска организација на Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) и како таква е назначена за учество во регионалниот проект "Зголемени можности за образование на студенти Роми и млади Роми во Западен Балкан и Турција" фаза 2, финансиран од Европската Унија и РЕФ. Главната цел на регионалниот проект е да се затвори јазот меѓу Ромите и не-Ромите, да се обезбеди пристап до квалитетно образование за Ромите во сите фази и да се обезбеди непречена транзиција од образованието до вработување промовирање на трајни системски промени во Западен Балкан и Турција. Во рамките на овој регионален проект, Ромаверзитас го спроведува проектот „Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“. За реализација на планираните проектни активности здружението го објавува ова барање преку веб страната на здружението до квалификувани субјекти на територијата на Република Северна Македонија за добивање соодветни понуди за ангажман опишан подолу во барањето;
   1.4 Секој понудувач мора да достави вкупна понуда по сите ставки, во спротивно ќе се смета дека понудата не е целосна и истата ќе биде одбиена;
   1.5 Понудувачот во случај на избор на неговата понуда доколку е ДДВ обврзник е должен да обезбеди фактура од Управа за Јавни Приходи без ДДВ, поради исплата од страна на средства од грант на Европска Унија;

2. **Понуда**
   2.1 Понудувачот треба да достави понуда согласно потребите на набавувачот, а во понудените содржини да содржи:
   - Понуда за реализирање на интензивен курс за 4 лица, вкупно 48 наставни единици за стекнување на еден степен за Курс по Англиски јазик

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union

2.2 Дополнителни информации за понудата

- Понудата треба да важи за 4 лица, за стекнување на еден степен за Курс по Англиски јазик или вкупно 48 наставни едници.

2.3 Обврски на понудувачот

- Да подготови и достави наставен план за 48 наставни единици (1 наставна единица во времетраење од 45 минути), пред да започне спроведувањето на наставните единици;
- Да подготви и дистрибуира материјали за секој учесник на курсот во текот на спроведувањето на првата наставна единица;
- Да обезбеди хартиена/електронска евиденција за учесниците на курсот по компјутерска едукација, во примероци дадени од нарачателот;
- Да подготви и спроведе проверка на знаењето на секој учесник пред спроведување на курсот, доколку учесникот претходно не посетил и успешно завршил одреден курс;
- Да врши групирање на учесниците во групи и степени соодветно на нивните знаења;
- Да подготви и спроведе почетни и завршни тестирања на знаењата и вештините;
- Наставата да ја изведува стручно лице согласно утврдениот наставен план;
- Да достави известување за редовноста, постигнатиот успех, напредокот и мислење за секој учесник, според примерокот доставен од страна на нарачателот на услугата;
- Да го извести нарачателот на услугата, во случај на три отсуства или напуштање на курсот на некој од учесниците;
- Да ги достави сите спроведени почетни и завршни тестирања на учесниците, во оригинална форма, до нарачателот на услугата;
- Да го контролира процесот на пополнување на електронска форма на евалуациони прашалници, кои ќе бидат дистрибуирани од нарачателот и да обезбеди успешно спроведување на процесот на евалуација;
- Да обезбеди услови, пристап и достапност до сите расположливи информации при мониторинг, од страна на Нарачателот и донаторот кои се задолжени за мониторинг и евалуација на курсот;
- Да подготви соодветен сертификат за завршен курс по англиски јазик кој ќе содржи назив на курсот, степен на курсот, име и презиме на учесникот, датум, место, нарачател на курсот, печат, потпис и сл, за секој учесник;
- Да додели сертификат за завршен курс по англиски јазик на секој учесник кој успешно ќе го заврши курсот најдоцна 5 работни дена од денот на завршување на курсот. Политиката за успешно завршен курс ќе биде предмет на договор на почетокот на спроведувањето на курсот;
- Да достави скениран примерок од доделените сертификати до нарачателот на Услугата.

**3. Потребни документи**

- Финансиска понуда (табелата наведена подолу во барањето)
- Тековна состојба на добавувачот, не постара од една година;
- Претходно искуство, испорачани обуки

**4. Критериум за избор на најповолен понудувач**

- Цена
- Квалитет
- Потврдено дологовремено искуство во работата

Доколку се исполнети сите барања се смета дека квалитетот е постигнат во целост.

Бодувањето на понудените цели се определуваат согласно проценетиот соодност со најниската и највисоката понуда.

**5. Облик на содржината на понудата**

5.1 Понудата се изработува во писмена форма (формат во прилог)

| **Ставка** | **Опис на услуга/производ** | **Единечна цена со ДДВ** | **Единечна цена без ДДВ** | **Количина** | **Вкупна цена без ДДВ** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

5.2 Име , адреса, седиште на понудувачот на услуги, даночен број, броеви за контакт, факс, e-mail адреси за контакт како и лице за контакт.
5.3 Карактеристики на понудата
5.4 Рок и начин на испорака на стоките и услугите
5.5 Вредност на понудените содржини и услуги изразена во денарска вредност без вкупен ДДВ.
5.6 Рок и начин за плаќање

Набавувачот ќе го плати нето износот (без ДДВ) и ќе му ги достави на добавувачот сите потребни документи за спроведување на постапката за поврат од ДДВ при промет на добра и услуги во земјата.

Понудите да се достават по електорнски пат на e-mail: kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk, **<u>најдоцна до 17.03.2024 година.</u>**

The project "Increased Education Opportunities for Roma Students and Youth in Western Balkans and Turkey" is funded by European Union